КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 111-332; Факс 22 86 08

# Култура

КУЛТУРА
e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## „ДОСИЕ КУЛТУРА“ НА ТЕЛЕВИЗИЈА А1 И „УТРИНСКИ ВЕСНИК“



*Во „Досие Култура“ посветена на уметничката критика, овојпат гости беа Јадранка Владова, Јелица Тодорчевска, Небојша Вилиќ и Лилјана Мазова*

# Крајно време е да се пишуваат негативни критики

ЛИЛЈАНА МИТЕВСКА

**Дали може да се каже дека во Македонија постои доволно компетентна критика?**

**Јадранка Владова:** Критиката има свој дискурс. Секако дека местото каде што се објавува таа го диктира начинот на нејзината стилизација. Нормално дека ќе постојат разлики кај една критика во весник, списание или стручен зборник иако мислам дека критичарите треба да си го додржат сопствениот јазик бидејќи единствено на тој начин се гради и авторитетот.

**Постојат малкумина ревносни критичари кои останале долги години да се занимаваат со критика, а се обиделе многумина. Зошто?**

**Небојша Вилиќ:** Кога станува збор за моите помлади колеги тоа се случува бидејќи не им се исплаќаат хонорари и затоа што не гледаат никаков интерес за таа работа. Токму затоа се префрлаат на други области или пак остануваат да го работат тоа од љубов, нешто што е многу малку присутно. Тоа е многу сериозно прашање, односно прашање на секоја сериозна посветеност. Би запрашал колку денес кај нас постои посветеност во било кој домен? Младите се нестрпливи, тие не можат да чекаат, да го печат занаетот. Тие прво прашуваат за пари. Што е нормално. Зошто ние не прашуваме за пари тоа е наш проблем.

**Јадранка Владова:** Во литературната критика, како и критиката воопшто, човек решава дали сака, дали може без тоа да живее. Многу е важно критиката да ја сочинуваат луѓе од сите генерации. Ги поттикнувам младите луѓе на ова поле бидејќи сензибилитетот на својата генерација најдобро тие меѓусебе ќе го почувствуваат Притоа секако дека им треба апаратура, алатки, знаење за да го опишат тоа што е ново и да го сместат во неков систем од вредности.

**Сметате ли дека постои една непродуктивна симбиоза меѓу критичарите и авторите, симбиоза на меѓусебна контрола, но и на меѓусебно подаништво?**

**Јадранка Владова:** Симбиозата е можна кај живи луѓе, жив критичар и жив автор, современици и тоа е навистина опасна релација.

**Се вели дека уметниците се најсуетните луѓе. Дали е тоа навистина така?**

**Јелица Тодорчевска:** Музичките уметници се многу суетни, но и јас сум суетна. Сакам да се надградам над нив и да им ги посочам грешките. Суетни сме сите кои се занимаваме со уметноста.

**Постои ли корупција кај критиката и доколку постои колку е куплив критичарот?**

**Небојша Вилиќ:** Понекогаш купувањето може да значи упатување на пофални зборови или ситни дружења кои го хранат егото на критичарот. Не знам дали тоа може да биде корупција, но факт е дека тоа влијае на односот или се прави обид да се влијае на односот. Не ми бил понуден поткуп, но сепак интересен момент настанува кога се одбива поткупот, како авторот наеднаш го врти грбот и сите тие големи зборови наеднаш исчезнуваат. Би бил среќен кога во ликовниот свет би постоела можност за корупција, но ја нема. Ние сè уште го немаме развиено пазарот и статусот на уметничкиот критичар како институција. Тоа кај нас не постои и затоа мислам дека не може да има ниту корупција ниту корумпираност. За еснаф од 50 или 100 луѓе не се ни исплаќа да ве купат.

**Јадранка Владова:** Не би можела да кажам дека би сакала да има корупција. Не би сакала да има вакви појави во уметноста никогаш, бидејќи ова е сферата на благородното. Постојат такви обиди, можеби не толку во груба форма како поткупи, но еве упорно ќе ве покануваат на свето литературно читање, постојано ќе ви ги праќаат своите книги, а јас сепак мислам дека критичарот е тој кој е компетентен, тој треба да има увид, тој треба да ја потекне иницијативата. Секако дека постои нешто што е институција, како на пример покана на критичар да ви напише предговор, да направи промоција, но критичарот има право да каже да или не и тука го покажува својот избор и односот. Ние сме пријатели и со оние со кои поетички се согласуваме. Симбиозата критичар и автор постои во една контура поради природниот процес. Едноставно најголемиот број на критичари се и автори така што тоа и немора да бидат лоши работи. Затоа мислам дека и авторите треба да бидат малку порамнодушни кон критиката. Мислам дека тоа е вистинскиот начин. Јас од својата авторска страна сум така рамнодушна кон критиката, ако ми верувате.

**Лилјана Мазова:** Јас не сум рамнодушна, не се навикнав ниту после толку години особено кога после премиера и објавена критика, на следната премиера најчесто гледам само грбови, за да на другата претстава на тие грбови да им ги видам лицата. Забелешките за претставата ги гледам низ грбот на тој режисер, автор, актер кој те одбегнува во даден момент.

**Дали меѓу критичарите и авторите постојат кланови?**

**Лилјана Мазова:** Јас не припаѓам на ниту еден клан. Со години се обидувам да ги одбегнам сите тие можни кланови кои што се создават било околу една театарска куќа, било околу една претстава или неколку проекти.

**Кој е компетентен да ги отцени критичарите и критиката? Дали навистина е тоа уредникот на културната рубрика каде што објавуваат?**

**Јадранка Владова:** Не. Уредникот е ставен во ситуација да пополни простор. Сигурно дека селектира, но има право да ги менува критичарите. Мислам дека рејтингот на критичарот го прават оние кои што читаат иако тие не се доволно компетентни за да го вреднуваат неговиот критичарски апарат. За оние кои го читаат тој може да им се допаѓа како автор или не. Апсолутно сите имаат право на тоа.

**Моќта на критичарот кај нас можеби не е толку голема како во некои други земји, но сепак на некој начин ја одредувате судбината на уметничкото дело. Што мислите за влијанието на негативната критика?**

**Небијша Вилиќ:** За жал негативни критики не се пишуваат, а понекогаш е и бесмислено да се пишува негативна критика. Имате ситуација на избор кога не пишувате за лоши дела и пишувате само за добри дела. Тие луѓе кои ве следат, го знаат тоа и тогаш тоа е критичарскиот придонес. Меѓутоа за ликовната уметност крајно време е да почне да се пишуваат негативни критики доколку, делото заслужува да биде негативно отценето. Кај нас вообичаено тоа завршува вака: спалување на критичарот на плоштад од страна на групата на уметници, и што е најважно, секогаш се поставува прашањето "Кој е тој да зборува за уметноста?" Поголемиот дел од нашите ликовни уметници не ја разбираат улогата на критиката. Секој обид за селекција за некоја изложба, што е форма на критика бидејќи се искажува некој став, најчесто завршува со прашањето "Кој е тој критичар да ме отценува мене?" На пример Уметничкиот совет го бира зимскиот салон на ДЛУМ. Значи самите уметници се бираат самите себе. Тие се поставуваат во ситуација на естетичари против кои што се. Тука е најголемиот проблем, ние нема никогаш да се разбереме. Но јас сум сит од тоа недоразбирање. Уметниците треба да седнат, да размислат и конечно да разберат дека ние сме две сосем различни области и дека ако еден критичар напише лоша критика за еден уметник тоа не значи дека уметникот е закопан. Разликата меѓу историскиот концепт на вреднување и тековниот се две сосема различни концепции.

### Во Домот на АРМ

## „Прашина“ повторно во Скопје

Филмот "Прашина" на Милчо Манчевски повторно во Скопје. Во сабота и во недела, значи на 30 и 31 март овој филм, кој и донесе голема возбуда на Македонија со честа да го отвори минатогодишниот Венециски фестивал, скопската публика ќе може да го види во Домот на АРМ на по две проекции дневно, од 19 и 21,30 часот.

По прикажувањето на голем број фестивали низ светот, филмот "Прашина" во Скопје ќе биде прикажуван и во текот на цел месец април. Имено, секој викенд за време на следниот месец "Прашина" ќе може да се види во истите термини, од 19 и 21, 30 часот. (С.У.)